# *Заостанувањето на Македонија во ефикасното искористување на ЕУ Фондовите (ИПА, Рамковните Програми) – Анализа на Аналитика*



**Аналитика**
Декември 2009 Скопје

## Содржина

**Листа на кратенки**......2

**Вовед**......3

**1. Запознавање со ЕУ фондовите (што е ИПА, што претставуваат Рамковните програми, кои се потенцијалните корисници на овие фондови, итн.)** ...... 4

**1.1 Инструмент за претпристапна помош** ......4

**1.2 Седма Рамковна Програма за Истражување и Технолошки Напредок (FP7);** ...... 6

**1.3 Рамковна Програма за Компетитивност и Иновации (CIP).** ......7

**2. Која е алката што недостасува меѓу аплицирањето на организациите и претпријатијата што се квалификувани за фондови и реалното добивање на тие фондови?** ...... 8

**2.1 Колку ефективно се користи ИПА во Македонија?** ...... 8

**2.2. Алката што недостасува за ефективно искористување на ЕУ Фондовите.** ...... 9

**3. Препораки од Аналитика за поефикасно користење на фондовите на ЕУ.** ...... 11

**3.1 Позитивни искуства – случајот со Хрватска.** ...... 11

**3.2 Препораки за македонските власти.** ...... 11

**3.3 Препораки за невладиниот и приватниот сектор во Македонија.** ...... 13

**Заклучни забелешки** ...... 15

**Библиографија** ...... 17

## Листа на кратенки

**ЕК – Европска Комисија**

**ЗБ – Западен Балкан**

**ИПА – Инструмент за Претпристапна Помош**

**МСП – Мали и средни претпријатија**

**НВО – Невладина организација**

**ЦФЦД – Сектор за Централно Финансирање и Склучување Договори**

**CIP  - Рамковна Програма за Компетитивност и Иновации**

**FP7 - Седма Рамковна Програма за Истражување и Технолошки Напредок**

**Вовед**

Напредокот по полгавјето 22 (регионална политика и координација на структуралните инструменти) од *acquis communautaire*, е круцијален за земјите потенцијални кандидати и кандидати при нивното напредок кон ЕУ. Веќе со декади Европската Унија обезбедува различни видови на фондови за помош на регионите кои што заостануваат при нивната модернизација и развој. За да целосно се искористат придобивките од ИПА и од Структуралните Фондови (со влезот во ЕУ), земјите што аплицираат мора да имплементираат реформи и да обезбедат соодветен функционален институтционален и легислативен систем како и соодветен административен капацитет кој што ќе може успешно да ги менаџира овие фондови.

Освен ИПА и Структуралните Фондови/Кохезискиот Фонд во Унијата постојат и други можности за добивање средства како Рамковните програми за истражување и иновации, кои што се пред се намененти за малите и средни претпријатија (МСП) и невладините организации. Главната идеја на ЕУ е дека во отворена глобална економија, компетитивноста се наоѓа во капацитетот на бизнисите да креираат високо-квалитетни производи и услуги. Поради тоа, чекорењето кон пораст базиран на иновативност лежи во сржта на одговорот на ЕУ на глобализацијата.[1]

Македонија како земја кандидат за влез во Унијата, која што неодамна ја доби препораката за започнување на претпристапните преговори, до сега би требало да има доволно искуство во раководењето со ЕУ фондовите. Но, за жал ова не е така во реалноста и причините поради кои Македонија заостанува во искористувањето на фондовите достапни за неа се главната тема на анализата во овој извештај. Во овој манир, извештајот ќе ги презентира моментално достапните ЕУ фондови за Македонија и кој се може да ги користи. Понатаму, ќе се обиде да даде одговор на прашањето која е алката што недостасува помеѓу институциите и организациите што можат да аплицираат со проект предлози и одобрувањето на нивните проекти и добивањето средства. Како пример за споредување, искуството и одредени примери од Хрватска ќе бидат презентирани како опции за решавање на проблемите што Македонија ги има со слабата искористеност на средствата. На крајот, Аналитика ќе приложи одредени препораки за властите, како и практичен водич за сите граѓански организации и претпријатија до кои е дојдено при ова истражување за како поефикасно да се искористат фондовите.

[1] Commission, E. (n.d.). *European Commission: CORDIS: Practical Guide to EU Funding Opportunities for Research and Innovation*. (Европска Комисија: Практичен водич до Европските можности за истржување и иновации.) Retrieved from European Commission: http://cordis.europa.eu/eu-funding-guide/home_en.html

## 1. Запознавање со ЕУ фондовите (што е ИПА, што претставуваат Рамковните програми, кои се потенцијалните корисници на овие фондови, итн.)

### 1.1 Инструмент за претпристапна помош.

ИПА беше креиран со одлука на Советот на ЕУ (ЕС) 1085/2006 на 17ти јули 2006, додедка одлуките за неговата имплементација беа донесени со одлука на Комисијата (ЕС) 718/2007. ИПА ги стави под ист „чадор“ претходните фондови кои што беа наменети за земјите од поранешниот источен блок како: PHARE, ISPA, SAPARD, CARDS. Овој инструмент беше креиран како претходница на Структуралните Фондови и Кохезискиот Фонд што постојат внатре во Унијата и служи за помош на земјите потенцијални кандидатки и кандидатки за да научат како да ракуваат со ваквиот тип на фондови. ИПА е составена од неколку компоненти и тоа:

I. Транзициона помош и градење на институции;
II. Прекугранична соработка ( со членки на Унијата и други земји корснички на ИПА);
III. Регионален Развој (обезбедува поддршка за транспортот, заштита на околината и инфраструктурата и на зголемувањето на компетитивноста и намалувањето на регионалните неправилности);
IV. Развој на Човечките Ресурси (зајакнување на човечкиот капитал и борбата против исклучувањето);
V. Рурален Развој (мерки за рурален развој).

Компонентите I и II се отворени за сите земји од Западниот Балкан додедка компонентите III, IV и V се отворени само за земјите кандидатки за влез (Хрватска, Турција и Македонија).[2]

Фондовите од ИПА за овие земји беа отворени во 2007. Корисници можат да бидат органите на власта, другите јавни институции, институциите на локалната самоуправа, невладините организации и други правни ентитети. Кој може да учествува во аплицирањето најмногу зависи од тоа за каков повик за проекти се работи, под која оперaциона програма и под која компонента спаѓа повикот. Важно да се напомене е дека сите активности одат преку органите на владата (министерствата, посебно задолжените агенции) бидејќи тие се директната врска помеѓу ИПА и крајните корисници.[3].

Кога се работи за Македонија, буџетот предвиден за периодот 2007-2013 изнесува 622,5 милиони евра. Единствена оперaциона програма која функционира од ИПА во моментов е онаа за Регионален Развој, при што секторите транспорт и заштита на околината претставуваат дел од неа

---

[2] Commission, E. (n.d.). *How IPA works*. Retrieved from Regional Policy InfoRegio European Commission: (Европска Комисија: Како функционира ИПА?) http://ec.europa.eu/regional_policy/funds/ipa/works_en.htm

[3] Забелешка: Македонија во моментов може да ги менаџира само III и IV компонента, додека останатите компоненти барем до наредната гоидна ќе бидат менаџирани од страна на ЕУ мисијата вио Скопје.

и не се одделени во посебни операциони програми. Повеќегодишната Индикативна Финансиска Рамка за периодот 2007-2009 изнесува[4]:

| Компоненти | 2007 | 2008 | 2009 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **I – Градење на институции** | 41.6 | 39.9 | 38.1 | 119.6 |
| **II – Прекугранична соработка** | 4.2 | 5.3 | 5.6 | 15.1 |
| **III – Регионален Развој** | 7.4 | 12.3 | 20.8 | 40.5 |
| **IV – Развој на човечки ресурси** | 3.2 | 6.0 | 7.1 | 16.3 |
| **V – Рурален развој** | 2.1 | 6.7 | 10.2 | 19 |
| **Вкупно** | **58.5** | **70.2** | **81.8** | **210.5** |

Се до оваа година, целосната имплементацијата на ИПА беше централизирана, што значи дека финансирањето идеше преку Мисијата на ЕУ во Скопје. Во јули и септември 2009, земјата ја доби акредитацијата за децентрализирано управување со III и IV компонента од ИПА.[5] За таа цел беше креиран нов оддел во Министерството за Финансии на РМ кој што "...има клучна одговорност за сите активности поврзани со тендерирање, склучување на договори и плаќања во врска со проектите финансирани со Инструментот за претпристапна помош (ИПА) на Европската Комисија




[4] Commission Decision C(2007) 1853 of 30/04/2007 on Multi-annual Indicative Planning Document (MIPD) 2007-2009 for the Former Yugoslav Republic of Macedonia. (Одлука на Комисијата C(2007) 1853 of 30/04/2007 за Повеќегодишниот Индикативен План (MIPD) 2007-2009 за Република Македонија)

[5] Сектор за Централно Финансирање и Склучување Договори, Министерство за Финансии на РМ http://cfcd.finance.gov.mk/Home.html

во Република Македонија. Името на овој оддел е  Сектор за централно финансирање и склучување договори (ЦФЦД) и во негова надлежност се  имплементацијата на тендерските процедури согласно со правилата на ЕК; склучување на договори со избраните носители на проекти; исплаќањето на средствата; книговодство и супервизија на имплементирањето на проектите.[6]

Важно е да се напомене дека ова не е едниствената институција која што ги објавува повиците за тендери. Тие можат да се најдат на интернет страниците на другите министерства како што е Министерството за Труд и Социјална Политика кое што е одговорно за Компонентата Развој на Човечките Ресурси, помнатаму повиците за проекти за прекугранична соработка се објавуаат на страницата на Министерството за Локална Самоуправа, итн.

### 1.2 Седма Рамковна Програма за Истражување и Технолошки Напредок (FP7)

Како што беше напоменато во воведот, освен ИПА фондовите, Македонија може да ги користи и другите фондови на Унијата како што се  FP7 и CIP. Во овој дел ќе бидат подетално презентирани овие програми и нивните цели и можности за финансирање.

За истражувачки проекти специјална програма е Седмата Рамковна Програма или скратено FP7. Буџетот изнесува 50 милијарди евра за периодот од 2007 до 2013 година. Оваа програма овозможува средства за ко-финансирање на истражувања, технолошки развој и демонстрациони проекти кои што се базирани на компетитивни повици за проекти и независни оценувања на секој проект предлог посебно. Постојат четири посебни блока под кои се објавуваат повиците за проекти: Соработка (*Cooperation)* – помеѓу индустријата и академскиот свет, Идеи (*Ideas)* – се поддржува основната истражувачка дејност, Луѓе (*People)* – се поддржува напредувањето во кариерата и мобилноста на истржувачите, и Капацитети (*Capacities)* – се развиваат капацитетите на Европа за развој на Европското општество во општество базирано на знаење. Исто така постојат шест шеми на финансирање: Колаборативни Проекти (Collaborative Projects), Мрежа на Извонредност (Networks of Excellence), Координирачки и Поддржувачки Акциони Мерки (Coordination and Support Actions, Individual Projects), и на крајот Поддршка за Обука и Напредување во Кариерата за Истражувачи (Support for training and career development of researchers). Повеќето од доделените проекти се даваат на конзорциуми составени од неколку т.е. повеќе партнери (фирми, факултети, истражуваки центри итн.) кои што се од ЕУ, но и од




[6] Билјана Стојановска (2009). Имплементација на ИПА во Република Македонија, Стрктури на Имплементацијата на ИПА во Република Македонија 11ти Експертски Форум, *"European Economic Integration: IPA Funds as a mean to stimulate the economic transition and help the market economy"*. Скопје.

останатите делови од светот. Главната идеја позади ваквата конституција на Седмата Рамковна Програма е дека можноста за соработка и споделувањето на иновативни идеи и знаење во истражувачката дејност ќе ја направи Европа да се развие во модерно општество базирано на знаење и наука.

### 1.3 Рамковна Програма за Компетитивност и Иновации (CIP).

За иновативни цели и зголемување на компетитивноста на претпријатијата во ЕУ постои програмата CIP. "Програмата поддржува иновативни активности (вклучувајќи и еко-иновации), обезбедува подобар пристап до финасии и овозможува поддршка на бизнис услугите во регионите. Поддржува и поголема потрошувачка и користење (ИКТ) и помага во развивањето на




информатичкото општество. Исто така промовира зголемување на искористеноста на обновливите извори на енергија и енергетска ефикасност.„[7] Вкупниот буџет на програмата изнесува 3621 милиони евра и исто како и останатите програми е проектирана за периодот од 2007 до 2013.

CIP има три главни дела: Програма за Претприемништво и Иновации (EIP) која што е фокусирана на развојот на малите и средни претпријатија, нивниот претприемнички дух и новите иновативни производи; Програма за Поддршка на Информатички и Комуникациски Технологии (ICTPSP) со основен фокус на развојот на ИКТ; и Интелигентна Енергија Европа (IEE) чиј што примарен фокус е пронаоѓањето на одржливи нови енергетски решенија.

Македонија како земја кандидат за членство во ЕУ, влага во групата на асоцијативни земји кои што се квалификувани да аплицираат за фондови од CIP. Неодамна Владата го плати влезниот билет[8] за учество во оваа програма и со тоа им се овозможува на македонските претпријатија да аплицираат за средства со сопствени проект предлози. "Овој влезен билет е овозможен преку буџет со поддршка од ИПА. Меморандумот за разбирање е потпишан само за Програмата за Претприемништво и Иновации, додека преговорите се уште траат за Програмите за Информатички и Комуникациски Технологии и Интелигентна Енергија Европа. Министерството за Економија исто така планира разни промотивни активности за зголемување на информираноста за оваа Програма преку разни конференции, интерент страницата на Министерството, јавни

[7] Competitiveness and Innovation Programme 2007-2013 (Рамковна Програма за Компетитвност и Иновации), European Commission, http://ec.europa.eu/cip/index_en.htm

[8] Влезни билети се износи што секоја земја мора да ги уплати на Европската Комисија за да може правните и физичките лица од таа земја да аплицираат за фондови со сопствени проект предлози.

настани, TAIEX семинари, итн.[9] Сепак, се досега вакви јавни настани за промоција на CIP во Македонија не се забележани и МСП се се уште слабо информирани за можностите за финансирање што постојат во ЕУ.

## 2. Која е алката што недостасува меѓу аплицирањето на организациите и претпријатијата што се квалификувани за фондови и реалното добивање на тие фондови?

### 2.1 Колку ефективно се користи ИПА во Македонија?

Кога се дискутира за ефективноста на ИПА важно е да се знае под кои критериуми се мери успехот на искористеноста на овој инструмент. Дали е тоа бројот на склучени договори на годишно ниво? Или е тоа точната бројка на искористени средства за една година: Или пак е тоа бројот на успешно финализирани проекти? Не би можеле да зборуваме за успешна реализација на ИПА програмите ако гледаме само на тоа дали средствата проектирани за секоја година всушност се и реализирани таа година. Наместо тоа, ќе се добие покомплетна слика ако се земе во предвид колку од фондовите се всушност реализирани во проекти одкога се потпишани финансиските договори т.е откако парите се контрактирани.[10]

Македонија ја доби акредитацијата за децентрализирано управување со III и IV ИПА Компоненти[11], во јули и септември 2009. Акредитацијата за компонентите I и II се очекува да се добие најдоцна во пролет 2010. Ова е од голема важност бидејќи од сега натаму владата и ресорните министерства ќе бидат целосно одговорни за објавувањето на тендерите и нивната правилна имплементација. Овој развој на настаните предизвикува одреден страв и сомнеж во ЕК околу можноста за неуспех во менаџирањето  на  средствата поради веќе познатите слабости на македонската администрација како и се уште присутната корупција и партизација во сите пори од општеството. Бидејќи акредитациите се добиени неодамна останува да се види во кој правец ќе се одвиваат работите и дали овие соменжи се оправдани или не.

---

[9] Софија Кузмановска, М. о. (2009). "11ти Експертски Форум, *"European Economic Integration: IPA Funds as a mean to stimulate the economic transition and help the market economy".* Ноември 2009, Министерство за Економија на РМ, Скопје.

[10] ИПА фондовите проектирани за една година <u>не мора да бидат ставени на користење таа иста година.</u> Тие треба да бидат искористени во одредена временска рамка откако ќе бидат потпишани финансиските договори помеѓу државата и ЕК. Овој период изнесува пет години. Така на пример, средствата предвидени за 2007 се искористуваат по потпишувањето на финансиските договори и повеќето од нив не беа потпишани 2007та туку подоцна. Сепак, тие ќе треба да бидат успешно искористени во рок од пет години од датумот на потпишувањето. Овој период инаку се однесува за контрактирањето на средствата, извршување на проектните задачи и целосно исплаќање на предвидените средства.

[11] Сите пет ИПА Компоненти можат да се менаџираат центално (Мисиите на ЕУ/ЕК) и децентрализирано (самите земји т.е. државните органи). Идејата е да се префрлат одговорностите на државите за да институциите со време се обучат и бидат спремни да се справат со Структуралните/Кохезискиот Фонд откако земјата ќе влезе во ЕУ.

Што се однесува до фондовите проектирани за 2007, претпоставката е дека околу 80% се контрактирани со државата. Меѓутоа, што се однесува до тоа колку од нив се “преточени„ во проекти тука ситуацијата е поинаква. Според Македонскиот Центар за Европско Образование “само неколку проекти од компонентата I се веќе во имплементирачка фаза и тоа: Поддршка за Имплементација на Реформите во Полицијата (9 милиони евра), Поддршка на Локалната Инфраструктура за Економска и Социјална Кохезија (7 милиони евра), Поддршка на Државниот Завод за Статистика (2 милиони евра), Поддршка за Имплементација на Реформите во Јавната Администрација (2 милиони евра), Подготвителни Мерки за Доживотно Учење и Акциони Програми за Млади (0,9 милиони евра), Учество во Програмите на Заедницата и Агенциите (0,95 милиони евра) и Обука за Подготвување на Проекти, Ревизија и Евалуација (3 милиони евра ).”[12]

Од сите средства предвидени за 2007, што изнесуваат некаде околу 58.5 милиони евра, само 42% се реално искористени и алоцирани во конкретни проекти. Неофицијално причината за слабата искористеност на средствата од 2007 се вели дека е недоволно високиот капацитет на македонските институции за справување со вакви обврски. Друго важно прашање е поставеноста на приоритетите од страна на владата кога е правено индикативното планирање пред 2007. Крајниот резултат беше само една оперативна програма – онаа за Регионален Развој за изградба на институтционалните капацитети и инфраструтурата на државата. За разлика од Хрватска и Турција, во Македонија се уште постои чувство дека капацитетите на само на администрацијата туку и на економскиот сектор не се на високо ниво за да можат успешно да аплицираат и да ги имплементираат проектите. Поради тоа, за проектираниот период 2007/2013 Компонентата Регионална Компетитивност[13] е изоставена и останува предизвик за властите да ја вклучат во проектираниот период 2013/2016.

Оттука произлегува чувството дека споредено со Хрватска и Турција, Македонија е послаба т.е. заостанува во ефикасното користење на ИПА. Слабиот инстиутиционален капацитет, недоволното искуство на приватниот сектор со вакви фондови и немањето соодветни обуки за нив, се само некои од факторите кои што влијаат на ваквата ситуација со ЕУ фондовите во Македонија. Овие отворени прашања заедно со уште некои други ќе бидат дискутирани т.е. анализирани во наредното поглавје од овој извештај.

### 2.2. Алката што недостасува за ефективно искористување на ЕУ Фондовите.

1. Постои конфузија околу тоа кој всушност прави што точно во кое министерство и оддел под чие раководство кога се работи за ИПА Фондовите. Поврзано со ова, напорите на властите да ја

---

[12] *ИПА Студија* – ДРАФТ Верзија, Македонски Центар за Европско Образование, 2009, страна 6.

[13] Преку Оперативната Програма за Регионална Кометитивност земјите се обидуваат да: “постигнат поголема компетитивност и балансиран регионален развој со зголемувањето на компетитивноста на МСП...ИПА Фондовите затоа нудат поддршка на консултантските бизнис услуги, соработката помеѓу претпријатијата, зајакнувањето на претприемничкиот дух во академскиот сектор, промовирањето на инвестициската клима, развојот на економската инфраструктура, итн. Покрај тоа целат да го развијат административниот и менаџерскиот капацитет на оние институции кои што ќе ја имплементираат програмата.„ (http://ec.europa.eu/regional_policy/funds/ipa/croatia_competitiveness_en.htm)

објаснат целата оваа ситуација се незадоволителни. "…Се до сега, Владата испечати три брошури, во фонт 8, што е тешко читливо, и јазикот на кој се напишани не е разбирлив за сите. Важни информации недостасуваат...за Програмите на Заедницата, како што се имињата на лицата одговорни во министерствата...„[14] Недостапноста на службениците од СЕП, веќе беше дискутирана во преходниот извештај на Аналитика[15] и оваа ситуација за жал не е променета од тогаш. Она што е уште повеќе загрижувачко е фактот што и другите министерства и нивните оддели одговорни за менаџирањето на ИПА и останатите ЕУ Програми се исто така недостапни и неволни да соработуваат и да споделат било каква официјална информација за менаџирањето со фондовите.

2. Друг актуелен проблем е некоординираното планирање на прогамскиот процес и неговото остварување. Секретаријатот за Европски Прашања е одговорно тело за ова прашање, меѓутоа планирањето кое што го спроведуваат не е ниту стратегиско ниту координирано. Внатрешната процедура е следна: "СЕП им испраќа на сите владини министерства, агенции и јавни институции, финансиски план кој што е специфициран со Повеќегодишниот Индикативен План и побарува од нив да развијат проект предлози што се сметаат за приоритетни. По одреден период ги испраќаат назад сите драфтови, при што се одбираат оние што се остварливи и добро напишани до предвидената сума.„[16] Ова покажува дека владата нема кохерентна политика и дека ваквиот начин навистина не покажува каде точно се потребни средства бидејќи има министерства со послаби кадри што не можат да состават добар проект иако потребата од инвестирање е голема.

3. Додатна пречка е и недостатокот од стратегиски документи. Националниот План за Развој 2008-2010 не е со добар квалитет. Исто така нема никаква стратегија за тоа какви проекти се од есенцијална важност во периодот 2007/2013 и исто така се верува дека и самите власти не знаат што точно треба да биде ставено како приоритет во овој период.

4. Инволвираноста на НВО во промоцијата на ИПА. Со проблемите напоменати претходно, консултациите со невладиниот сектор можат да им помогнат на властите и да допринесат многу при подготвувањето на стратешките документи бидејќи се добро запознаени со ситуацијата на теренот. Сепак ова не е пракса во државата. Најпрво, нема никакви статистички податоци за тоа колку од НВО во Македонија имаат одобрено проекти од ИПА и од другите Програми на Заедницата и колку процентуално аплицираат редовно за грантови. Значи не е можно да се утврди колкаво е познавањето за процесите на аплицирање за ЕУ фондовите меѓу македонските невладини оганизации. Второ, за процесот на консултации при подготовката на повеќегодишната индикативна стратегија од која што и зависи за какви проекти ќе може Македонија да аплицира преку ИПА, е избрана да учествува само една НВО од 6000 колку што се регистрирани во процес непознат за јавноста. Исто така, дури и ако има закажано консултативни средби, тие се најчесто несоодветно закажани (за време на одмори или пак не се остава доволно време за припрема помеѓу дента кога се закажуваат средбите и денот на нивното одржување) или пак се одржуваат

[14] *ИПА Студија* – ДРАФТ Верзија, Македонски Центар за Европско Образование, 2009, страна 2.

[15] Четири Години од Кандидатскиот Статус – Што е направено и кои се очекувањата? (http://analyticamk.org/files/ReportNo29_MK.pdf), Септември 2009.

[16] Лидија Димова, Извршен Директор, Македонски Центар за Европско Образование, Интервју на 17ти ноември 2009.

кога веќе владата одлучила за какви проекти ќе може да се аплицира при што коментарите и советите од НВО остануваат неискористени.

Кога на овие проблеми ќе се додаде слабиот капацитет на админстрацијата, јасно е дека целокупниот капацитет за ефективно користење на ЕУ Фондовите на системот воопшто не е на задоволително ниво во Република Македонија. Секако тука мора да се спомене и недостатокот од иницијативи на самата Комисија за поагресивна промоција на нејзините програми во државата како и на слабата организираност на невладиниот сектор по ова прашање, што исто така придонесуваат за слабата искористеност на овие фондови.

## 3. Препораки од Аналитика за поефикасно користење на фондовите на ЕУ.

### 3.1 Позитивни искуства – случајот со Хрватска.

Позитивните искуства од Хрватска можат да и помогнат многу на Македонија при менаџирањето на ИПА Фондовите. Забележливо е на прв поглед дека Хрватските институции кои што ги менаџираат ЕУ Фондовите се транспарентни и организационо добро поставени. Постои Централна Канцеларија за Развојна Стратегија и Координација на ЕУ Фондови која што „исвршува експертски и административни задачи кои што се поврзани со подготвувањето на Развојната Стратегија на Република Хрватска...и е одговорна за целокупната координација на ЕУ Фондовите...”[17] Сите Програми на Заедницата се детално објаснети, се организираат курсеви и тренинзи за аплицирање, понатаму Канцеларијата ги објавува тендерите за проекти како и сите потребни контакти. Освен тоа, на интернет страната се објавени и сите поважни стратешки документи за Хрватска, напишани детално, на англиски и достапни за јавноста. Само за илустрација: Операционалната Програма за Транспорт за 2007-2009 е 120 страни долга, на англиски, со комплетна SWOT и социо-екононска анализа за транспортниот сектор во Хрватска, комплетирана со стратешките приоритети и програмските стратегии за тој период како и со сите останати прашања поврзани со финансирањето на оваа операционална програма. Истата стратегија е применета и за Операционалните Програми за животна средина, развој на човечките ресурси, за развој на земојделството и за руралниот развоен план 2007-2013 ИПАРД Програма како и за Програмите за прекугранична соработка. Оваа хрватска Канцеларија исто така е и лесно достапна за добивање на било какви инфорации од надвор, што само ја потврдува нејзината висока професионалност во давањето услуги.

### 3.2 Препораки за македонските власти.

**Препорака 1: Координирано и поедноставено менаџирање на ЕУ Фондовите.**

Формирање т.е. овластување на една или две агенции или канцеларии за коорниацija на ЕУ Фондовите е од есенцијална важност за сите кои што сакаат да се информираат подетално за начините на финансирање. Вака ќе знаат точно каде да ги побараат информациите што им се потребни. Отворено и транспарентно работење, со квалитетна стратешки определена

---

[17] Strategija.Hr, Централна Канцеларија за Развојна Стратегија и Координација на ЕУ Фондови, Хрвстска http://www.strategija.hr/Default.aspx?sec=82

документација е морално доколку Македонија сака да види некаква корист од фондовите. Објавени контакти на лицата одговорни за менаџирањето кои што се опремени со сите информации за процедурите за аплицирање за грантови мора да бидат објавени на интернет страните на министерствата и одговорните канцеларии, за сите оние што се заинтересирани за ЕУ Фондовите да знаат точно до кого треба да се обратат.

**Препорака 2: Развивање на инструменти за дисеминација и информирање.**

Поврзана со претходното е секако препораката до Владата за начинот на промоција на ЕУ Фондовите во Македонија. Освен имањето вeродостојни контакти достапни за јавноста, важно е да се организира и јавна кампања за нивна афирмација. Испечатени брошури кои што се лесно разбирливи, нивна дистрбуција низ државата, организирање на ИНФО-денови, вклучувањето на НВО во овие активности и формирање ИПА интерактивен форум или на интернет страната на СЕП или на ЦФЦД за размена на идеи и каде што ќе можат да бидат поставувани прашања за фондовите, се само некои од механизмите за зголемување на свеста во општеството за можностите за финансирање што постојат со ИПА и другите Програми на Заедницата.

**Препорака 3: Постојани консултации при подготовката на стратешките документи како МИПД со ЕК Мисијата и невладиниот и приватниот сектор во РМ.**

Едно од најважните прашања при успешното менаџирање на ЕУ Фондовите е секако соработката помеѓу сите инволвирани страни. На една е ЕУ Мисијата одговорна за „парите“, на друга е Владата која ги менаџира и координира тие средства и на трета се крајните корисници како НВО и другите субјекти. Сите страни треба да работат заедно при подготовката на националните стратешки документи и на повеќегодишната индикативна стратегја (MIPD). Владата треба да овозможи пристап до сите важни документи за времетраењето на консултациите. ЕК треба да побара од Владата да ги објави консултативните планови за различните теми што произлегуваат од ИПА најмалку година дена претходно со утврдени дати за консултации, при што сите страни ќе имаат доволно време да се подготват за нив. „Консултациите треба да бидат пропратени со план за градење на капацитетите што иницијално може да има форма на пред-консултативни состаноци на кои што учесниците ќе научат што се се очекува од нив во контекст на комплексните ИПА програмски процедури.“[18]

**Препорака 4: Едукација.**

Неформална едукација за можностите на финасирање на ЕУ е предуслов за имање успешни апликации и добиени проекти. Позитивното искуство од Хрватска ги нагласува добивките од едукативниот процес за зголемувањето на знаењето за шемите на финансирање на ЕУ. „Едукацијата на сите инволвирани страни, особено на потенцијалните корисници, има главно влијание на зголемувањето на алоцираните фондови секоја година. Едукативниот процес се имплементира преку одржувањето на различни семинари и работилници. Промоцијата и информирањето на пошироката јавност преку медиумите за проектите финансирани преку ЕУ

[18] *ИПА Студија* – ДРАФТ Верзија, Македонски Центар за Европско Образование, 2009, страна 10.

Фондовите значително ја зголеми популарноста на аплицирањето со најразлични проект предлози.”[19]

### 3.3 Препораки за невладиниот и приватниот сектор во Македонија.

***Како да се напише успешна апликација?***

Што се однесува до приватниот сектор, НВОта, и останатите истржувачки организации што сакаат да аплицираат со сопствени проекти преку останатите Програми на Заедницата (FP7 или CIP), Аналитика заедно со искусен проект менаџер[20] подготвија листа на потребни елементи за подготвување на успешен проект предлог.

Подготвување на проект предлог за ЕУ Фондовите:

| |
|---|
| 1. ***Проектен концепт*** |
| • Дали идејата се поколпува со повикот за проекти? |
| • Дали идејата е релевантна и има потреба од неа во географски контекст (таргетирани учесници/чинители) и во контекст на повикот за проекти (на пр. тема, цели на ЕК, научни иновации)? |
| • Важно е да се обрне целосно внмание на текстот на повикот за проекти – сржта на предлогот треба да ги содржи сите елементи кои ги бара ЕК |
| • Проект предлогот треба да биде амбициозен без да биде неразумен и неостварлив |
| |
| 2. ***Проектен конзорциум*** |
| • Силен конзорциум ќе му даде цврстина/предност на предлогот |
| • Треба да има балансиран број на учесници – големи конзорциуми се тешки за раководење, додека пак мали можеби нема да имаат доволно искуство за да успешно го изведат проектот |
| • Сите партнери треба да имаат идентификувани посебни улоги во проектот и да бидат целосно вклучени во подготвувањето на проект предлогот |
| • Силен проект координатор со доволно искуство е од витално значење |

[19] Никша Ткалец, Централна Канцеларија за Развојна Стратегија и Координација на ЕУ Фондови, Хрвстска. Интервју на 19ти ноември 2009.
[20] Др. Метју Вејд, Технолошки Трансфер Центар Бремерхавен, Германија, (www.ttz-bremerhaven.de).

- Добра менаџерска структура треба да има и научни и административни координатори кои што ќе му помагаат на главниот координатор ако е потребно
- Раководителите на работите (Workpackages) се важни за менаџирањето на посебните компоненти од проект предллогот
- За предлозите кои не се со географска одредница, конзорциумите треба да бидат репрезентирани од партнери од различни земји, без да се компромитира интегритетот на работата

3. ***Содржина на предлогот***

- Одговорете на содржината на текстот во повикот и директивиите кои се дадени со него
- Објаснете ги колку што е можно почитко вашите цели, очекуваните резултати и планот за работа, при што исто така ќе ја објасните и позадината на целиот концепт (наука, развојна технологија)
- Јасно демонстрирајте ја силата на конзорциумот и зошто секој партнер е избран за проектот. Демонстрирајте дека конзорциумот има добра кохезија и јасна менаџерска структура
- Не бришете или препишувајте, држете се до тоа да структурата биде концизна и мислите да имаат тек (чист премин од концептот до целите)

4. ***Буџет***

- Дури и брилијантен проектен предлог може да биде одбиен доколку има преамбициозен предлог буџет
- Држете го буџетот на линија со очекуваната работа и ресурсите
- Планирајте го буџетот колку што е можно порано, осигурувајќи се притоа дека ресурсите на секој индивидуален партнер се сразмерни со работата во проектот и алоцираните ресурси
- Детално разгледајте ги финансиските директиви (многу важно). Повеќето проекти бараат сопствена контрибуција од компаниите. Ставете им го ова до знаење на партнерите кои што го формираат конзорциумот, за да се осигура дека моожат да учествуваат економочно во проектот поради избегнување на конфликти на самиот старт од проектот.

| 5. ***Други заклучоци*** |
|---|
| • Дисеминација и Заштита на интелектуалните права мора да бидат адресирани во проектот. Јасно прикажете како проектот ќе биде дисеминиран помеѓу пошироката јавност (со кои методи) и која ќе биде судбината на конкретните резултати што ќе произлезат на крајот од проектот. Јасна ИП стратегија може да помогне во понатамошното користење на резултатите од проектот (на пр. нов вид на софтвер, нов вид на производ, материјал за обука, итн.) |
| • Прикажување на успесите од други проекти исто така може да го зацврсне овој предлог проект. Следете ги директивите што се однесуваат на опишувањето на партнерите и со нив поврзаните активности. |
| • Започнете рано! Може да треба 3 до 6 месеци да се заврши целосниот предлог проект, имајќи во предвид дека првичните предлог проекти можат да одземат 2 месеца за подготовка. Позадинската работа поврзана со темата на проектот, обезбедување на потребната документација (сега заменета со електронско предавање на проект предлогот), објаснување на буџетот и финализирање на проект предлогот се работи кои што одземаат доста време и треба да бидат однапред планирани. |

**Заклучни забелешки**

- ✓ Како што Македонија се приближува до ЕУ, така и шемите за финансирање се зголемуваат. ИПА е само еден од инструментите на Унијата чии што главни цели ја вклучуваат помошта за земјите потенцијални кандидатки и кандидатки при хармонизација на легислативата и целосната имплементација на *acquis communautaire.*

- ✓ Постојат и други Програми на Заедницата во кои Македонија можа да партиципира како што се FP7 и CIP[21]. „Влезните билети“ се платени и македонските компании и невладини организации како и индивидуалци можат да приложат свој предлог проект доколку најдат соодветен повик за предлози.

- ✓ Владата неодамна ја доби акредитацијата за децентрализиран менаџмент на III и IV компонента од ИПА, а за I II компонента е предвидено да ја добие на пролет 2010. Сите тендери од 2010 ќе бидат објавени на интернет страната на ЦФЦД од Министерството за Финансии на РМ.

---

[21] Забелешка: постојат и останати Програми на Заедницата како Life+ or Erasmus, итн. Целта беше да се направи извештајот краток и концизен и поради тие причини авторот реши да се задрж само на оние што се погенерални.

- ✓ Сепак, има отоворени прашања поврзни со ИПА Фондовите и нивната искористеност како и на искористеноста на другите Програми на Заедницата. Само неколку проекти од компонентата I од 2007 се имплементирани досега. Исто така не постои јасна стратегија за важните стратешки документи кои што треба да бидат изготвени од властите за овие фондови.

- ✓ Постои одреден страв дека недоволниот капацитет на администрацијата ја намалува улогата на државата во ЕУ Фондовите. Исто така комуникацијата со останатите сектори од општеството по повод ова прашање е на загрижувачки ниско ниво.

- ✓ Мерките како: подобра дисеминација на информациите, квалитетни брошури, достапност на луѓето одоговрни за менаџирањето на фондовите, јасни и координирани интернет страни, редовно апдејтирани со сите потребни информации и со најновите повици за проекти, редовни консултации со НВО, тренинзи и едукативни програми за процедурите на ИПА и на другите Програми на Заедницата можат да и помогнат на Македонија да го зголеми капацитиетот за користење и менаџирање на ЕУ Фондовите.

- ✓ Крајниот заклучок од оваа анализа би бил дека Македонија навистина заостанува во ефективното користење на ИПА и на останатите ЕУ Фондови. Причините за тоа се најразлични и го отсликуваат слабиот административен капацитет и недостатокот од квалитетни стратегии на земјата. Мерките предложени можат да помогнат во промената на оваа ситуација во РМ.

## Библиографија:


1. Билјана Стојановска (2009). Имплементација на ИПА во Република Македонија, Стрктури на Имплементацијата на ИПА во Република Македонија 11ти Експертски Форум, *"European Economic Integration: IPA Funds as a mean to stimulate the economic transition and help the market economy"*. Скопје.

2. Др. Метју Вејд, Технолошки Трансфер Центар Бремерхавен, Германија, (www.ttz-bremerhaven.de).

3. Commission, E. (n.d.). *How IPA works*. Retrieved from Regional Policy InfoRegio European Commission: (Европска Комисија: Како функционира ИПА?) http://ec.europa.eu/regional_policy/funds/ipa/works_en.htm

4. Commission, E. (n.d.). *European Commission: CORDIS: Practical Guide to EU Funding Opportunities for Research and Innovation*. (Европска Комисија: Практичен водич до Европските можности за истржување и иновации.) Retrieved from European Commission: http://cordis.europa.eu/eu-funding-guide/home_en.html

5. *ИПА Студија* – ДРАФТ Верзија, Македонски Центар за Европско Образование, 2009.

6. Лидија Димова, Извршен Директор, Македонски Центар за Европско Образование, Интервју на 17ти ноември 2009

7. Никша Ткалец, Централна Канцеларија за Развојна Стратегија и Координација на ЕУ Фондови, Хрвстска. Интервју на 19ти ноември 2009.

8. Commission Decision C(2007) 1853 of 30/04/2007 on Multi-annual Indicative Planning Document (MIPD) 2007-2009 for the Former Yugoslav Republic of Macedonia. (Одлука на Комисијата C(2007) 1853 of 30/04/2007 за Повеќегодишниот Индикативен План (MIPD) 2007-2009 за Република Македонија).

9. Competitiveness and Innovation Programme 2007-2013 (Рамковна Програма за Компетитвност и Иновации), European Commission, http://ec.europa.eu/cip/index_en.htm

10. Сектор за Централно Финансирање и Склучување Договори, Министерство за Финансии на РМ http://cfcd.finance.gov.mk/Home.html

11. Софија Кузмановска, М. о. (2009). "11ти Експертски Форум, *"European Economic Integration: IPA Funds as a mean to stimulate the economic transition and help the market economy"*. Ноември 2009, Министерство за Економија на РМ, Скопје.

12. Strategija.Hr, Централна Канцеларија за Развојна Стратегија и Координација на ЕУ Фондови, Хрвстска http://www.strategija.hr/Default.aspx?sec=82

# EU Approximation and Integration Advocacy Program

## "Заостанувањето на Македонија во ефикасното искористување на ЕУ Фондовите (ИПА, Рамковните Програми) – Анализа на Аналитика"

Sonja Risteska, *Research Fellow of the Program*
sristeska@analyticamk.org

**Analytica**
**Web: www.analyticamk.org**
**Email: info@analyticamk.org**

**Dame Gruev No: 7-8/3**
**1000 Skopje, Macedonia**
**Phone: 00 389 (0)2 3121 948**
**Fax: 00 389 (0)2 3121 948**